***РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА***

# *С Т А Т У Т*

***Скопје, 29 - Август - 2010 год.***

Врз основа на член **5, 20**, 25 и 40 од Законот за здруженија и фондации (Сл. весник на РМ бр. **52 од 16.04.2010год**.), а во врска со член 11 и 14 став 3 од Законот за спортот (Сл. весник на РМ бр. 81/08 од 07.07.2008 год**.**, на седницата на Собранието на Ракометната федерација на Македонија одржана на 29.08. 2010 год, донесе:

# С Т А Т У Т
# на РАКОМЕТНАТА ФЕДЕРАЦИЈА на МАКЕДОНИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1.

Со овој Статут, во согласност со Законот за здруженија и фондации, Законот за спортот и други закони и прописи, како и Статутот и другите акти на ЕХФ и ИХФ, се уредуваат: името и седиштето на Ракометната федерација на Македонија (во натамошниот текст: РФМ); целите и задачите на РФМ, облици и начин на дејствување; услови и постапка на основање; здружувањето во РФМ и условите за тоа; членувањето на РФМ во други сојузи, федерации и меѓународни асоцијации; печатот, штембилот и други обележја; претставување и застапување во правниот промет и спрема трети лица; органите, начинот на нивниот избор, траењето на мандатот на органите и начинот на одлучување на членовите, надлежноста и начинот на работа; стекнување и располагање со имотот и финансирањето, односно трошењето на средствата за вршење на дејноста; надзорот; репрезентирањето на македонскиот ракомет; функциите и одговорноста за нивното вршење; програмите и плановите за работа; безбедноста; остварување на јавноста во работата; признанијата и наградите; администрацијата; статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес; престанокот на работата на РФМ; постапувањето со имотот и средствата во случај на престанок на РФМ; како и други прашања утврдени со закон во врска со работата на РФМ.

### Член 2.

РФМ е здружение, настаната со здружување на ракометни клубови, Здружението на ракометни судии, Здружението на ракометни контролори и Здружението на ракометни тренери во Република Македонија, заради остварување и усогласување на поединечните со општите и заедничките интереси во омасовувањето и развојот на ракометниот спорт, како и заради утврдување и изградување на меѓународна програма на ракометната спортска соработка и други програми од заеднички интерес.

Ракометен клуб регистриран како здружение, може да престане со работа како здружение и да се регистрира како трговско друштво за вршење дејност спорт.

Ракометната федерација му го признава континуитетот на оствареониот резултат на трговското друштво кое настанало со регистрирање од спортско здружение во трговско друштво чиј правен наследник е.

### Член 3.

РФМ е единствена спортска федерација во Република Македонија во ракометниот спорт.

Членките на РФМ, лигите или било какви групи на клубови или здруженија се подредени на РФМ и не може да делуваат надвор од РФМ.

РФМ е призната од ЕХФ и ИХФ.

РФМ има својство на правно лице од јавен интерес, со права и обврски и одговорности утврдени со Уставот, Закон и други прописи, овој Статут, како и со Статутот и другите акти на ЕХФ. РФМ не може да се трансформира во друг вид правно лице.

**Член 4.**

За своите обврски РФМ одговара со својот имот и средства.

**Член 5.**

РФМ не може да врши стопанска дејност.

РФМ може да основа друштва со ограничена одговорност и акционерски друштва заради остварување средства за финансирање на функциите на федерацијата и заради остварување на нејзините цели.

**Член 6.**

Во РФМ се забранува политичко, верско и религиозно организирање и дејствување. За дејствијата од став 1 дисциплински мерки превземаат и надлежните органи во Ракометната Федерација на Македонија. Органите на РФМ се должни да го известат основниот јавен обвинител, доколку се утврди постоење на политичко, верско и религиозно организирање и дејствување во РФМ и нејзините членови, спротивно на Закон.

**Член 7.**

Спорните прашања во врска со организацијата на ракометниот спорт и одржувањето на спортските натпревари и други прашања уредени со актите на РФМ, во рамките на утврдената надлежност ги решаваат органите на РФМ.

По конечните одлуки на органите и телата на РФМ не може да се води судски спор.

По исклучок, можат да се поведуваат судски и други постапки по прашањата од работните и облигационите односи и материјално - финансиските работи.

**Член 8.**

Собранието, на предлог на Управниот одбор, може да му додели статус на почесен претседател или почесно членство на лице заради посебни заслуги за македонскиот ракомет.

Почесните претседатели можат да присуствуваат на Собранието и на седниците на Управниот одбор, во советодавна улога, но немаат право на глас.

## II. ИМЕ и СЕДИШТЕ на РФМ

**Член 9.**

Името на националната спортска федерација е: **РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**Член 10.**

**Седиштето на РФМ е во Скопје, на Бул. Кузман Јосифовски - Питу бр. 15,**

## III. ЦЕЛИ и ЗАДАЧИ на РФМ

**Член 11.**

**РФМ, во статутарно, програмски и со други документи заокружен и насочен систем:**

1. ги разгледува сите прашања поврзани со македонскиот ракомет;
2. утврдува водење на евиденција заради организирано следење и унапредување на состојбите и развојот на ракометниот спорт ( согласно член 68 од Законот за спортот на РМ - сл. Весник бр**. 81/08 од 07.07.2008 год)**
3. промовира ракомет во Република Македонија во духот на мир, разбирање и фер игра, без било какви дискриминации по однос на политика, пол, религија, расна и етничка припадност;
4. ги потикнува спортските активности во реализирање на програмата на РФМ како и активноста на децата и младината во рамките на РФМ (согласно член 22 од Законот за спортот на РМ)

5. ги почитува и штити интересите на секој член на РФМ и решава спорови меѓу нив;
6. го потикнува и унапредува ракометниот спорт;
7. реализира утврдени програми во врска со развојот на ракометниот спорт;
8. носител е на усогласувањето на програмските активности на ракометните клубови, ОРС, ГРС и ЗРСМ, ЗРКМ и ЗРТМ;
9. го организира и спроведува системот во сите степени на натпреварување во ракометниот спорт на подрачјето на Република Македонија;
10. носител е на грижата за развој на стручната работа и усовршувањето на стручните кадри во ракометниот спорт;
11. се грижи за здравствена заштита и контрола, здравствен преглед на ракометарите-ките (согласно член 52 од Законот за спортот);
12. се грижи за Конвенцијата за антидопинг контрола во Република Македонија ( согласно член 55 од Законот за спортот);
13. обезбедува доследна примена на правилата и прописите на ракометната игра од страна на ракометните клубови, ОРС, ГРС, ЗРСМ, ЗРКМ, ЗРТМ и нивните органи и тела;
14. го утврдува статусот на ракометарите согласно со прописите на ИХФ, ЕХФ, овој Статут и другите акти и прописи на РФМ;
15. Врз основа на пријава за запишување, РФМ води регистар на членови и евиденција на членовите на органите (согласно член 27 од Законот за здруженија и фондации - Сл. Весник на РМ бр. 52 од 16.04.2010 год);
16. Организациите имаат даночни и царински олеснувања во согласнот со Закон;
17. врши и други работи и задачи што произлегуваат од Законот за спортот, Законот за здруженија и фондации, другите Закони и прописи, овој Статут и другите акти на РФМ, како и од актите на ЕХФ и ИХФ.

## IV. ПЕЧАТ, ШТЕМБИЛ и ДРУГИ ОБЕЛЕЖЈА

**Член 12.**

Печатот на РФМ е во тркалезна форма, со амблемот на РФМ во средина на печатот, а наоколу е испишан текстот: РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА - Скопје.

Штембилот на РФМ има правоаголен облик и на него во првиот ред е испишан текстот: РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА, во вториот ред е испишана содржината: Број________, во третиот ред е испишана содржината_________20__год., а во четвртиот ред е испишан зборот Скопје.

За комуникација со ИХФ, ЕХФ и меѓународните федерации текстот на печатот е испишан на англиски јазик.

**Член 13.**

**РФМ има амблем и знаме.**

Амблемот на РФМ е знаме на Република Македонија, натпис Ракометна федерација на Македонија на три службени јазици утврдени од ЕХФ во жолта боја, силуета на ракометар во движење во бела боја, на црвена подлога со жолт повес.

Знамето на РФМ е во правоаголна форма, Основата на знамето е во бела боја. На горниот агол е знамето на Република Македонија. Под знамето на РМ е впишано Ракометна Федерација на Македонија на три службени јазици утврдени од ЕХФ. На средината на знамето е силуета на ракометар.

Димензиите на знамето е 400 см X 200 см, 200 см X 100 см. или 160 см X 80 см.

## V. ЧЛЕНСТВО ВО ФЕДЕРАЦИЈАТА

**Член 14.**

Во РФМ како единствена национална ракометна федерација за подрачјето на Република Македонија, се здружуваат сите ракометни клубови кои, согласно Закон, се здружени во општински ракометни сојузи и одбори, а за подрачјето на Град Скопје во Градски Ракометен сојуз - Скопје.

**Член 15.**

Општински и Градски ракометен сојуз на Скопје може да се организира ако:

- во него се здружени најмалку 5 (пет) ракометни клубови кои се натпреваруваат во било кој систем на натпревари организирани од РФМ.
- има соодветна организирана форма и делување на ракометните судии, контролори и тренери, и
- има младинска зонска или регионална лига.

Ракометните клубови од подрачјето на една општина, во која што, согласно законски предвидени услови, нема можности да се организира општински ракометен сојуз, можат да пристапат кон веќе формираниот општински сојуз во соседна општина или да организираат општински ракометен сојуз со ракометните клубови од други соседни општини, во коишто, исто така, нема услови за формирање на посебни општински ракометни сојузи.

Сите ракометни клубови од подрачјето на Град Скопје се здружуваат во единствен Градски ракометен сојуз - Скопје ( во понатамошен текст ГРС ).

Клубовите здружени во општински и ГРС статутарно ги уредуваат меѓусебните односи и надлежности по прашања од заеднички интерес.

Општинскиот и ГРС е самостоен во своето работење, а за својата работа одговара пред органите на ОФМ - ГРС.

Статутите на членовите на РФМ (клубовите, ОРС, ГРС, ЗРСМ, ЗРКМ и ЗРТМ мораат да бидат усогласени со Статутот на РФМ.

Статутите, пред нивното донесување, ги потврдува Комисијата за Статут и прописи на РФМ или Комисијата за нормативни акти на РФМ.

Статутите и другите акти на членовите на РФМ, по нивно донесување, задолжително се доставуваат до РФМ, заради документација и евиденција.

**Член 16.**

**Членството во РФМ е отворено.**

Клубовите, сојузите, одборите и струковите здруженија поднесуваат барање за зачленување во РФМ.

Кон барањето, должни се да достават: Статут; Судско решение; решение од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот дека се исполнети условите за вршење дејност спорт (за клубовите - **Агенција за млади и спорт на Република Македонија**); изјава дека ги прифаќаат Статутот и другите акти на РФМ и ќе ги запазуваат принципите на лојалност и интегритет на РФМ; потврда од соодветниот општински, односно ГРС дека клубот е здружен во тој сојуз и потврда од РФМ или барање до РФМ дека е вклучен во систем на натпреварување.

Собранието на РФМ врши прием на нови членови на РФМ.

По исклучок одлука за прием на нов член помеѓу две седници на Собранието може да донесе и Управниот одбор на РФМ, но должен е на првата наредна седница на Собранието да ја предложи на дневен ред заради потврдување.

**Член 17.**

**Клуб - член на РФМ може да биде исклучен од членството на РФМ доколку:**

- го загуби својот статус на член на РФМ поради престанок на натпреварување;
- сериозно го крши овој Статут или друг акт на РФМ,
- не води регистар на членови и евиденција на членовите и органите и
- не ги подмирува финансиските обврски кон РФМ или ЕХФ.

За исклучувањето на членовите одлучува Управниот одбор. По одлуката за исклучување, може во рок од 15 дена да се вложи жалба до Собранието.

Пред исклучување, органите и телата на РФМ можат да изречат суспензија.

## VI. ЧЛЕНСТВО НА РФМ ВО ДРУГИ СПОРТСКИ АСОЦИЈАЦИИ

**Член 18.**

РФМ е конститутивна членка на **Македонскиот олимписки комитет.**

РФМ е член на Европската ракометна федерација - **ЕХФ.**

РФМ е член на Меѓународната ракометна федерација - **ИХФ**.

РФМ може да се зачленува и во други ракометни односно спортски асоцијации во регионот, во согласност со Закон.

**Член 19.**

Во вршењето на дејноста, РФМ и членките на РФМ, ќе се придржуваат на решенијата содржани во актите на ИХФ, ЕХФ и регионалното здружение.

Во случај на неусогласеност на актите на РФМ со актите од претходниот став директно ќе се применат решенијата содржани во актите на ИХФ и ЕХФ.

## VII. ОРГАНИ на РФМ, НАЧИН на ИЗБОР и НАДЛЕЖНОСТ

**Член 20.**

**Органи на РФМ се:**

1. Собрание
2. Управен одбор
3. Надзорна комисија

### 1. СОБРАНИЕ на РАКОМЕТНАТА ФЕДЕРАЦИЈА на МАКЕДОНИЈА

**Член 21.**

**Собранието на РФМ е највисок орган на РФМ.**

Собранието на РФМ го сочинуваат: по 1 (еден) преставник од секој ракометен клуб од Супер машка и женска ракометна лига, Прва и Втора машка и женска ракометна лига, и од Супер машка и женска младинска ракометна лига, 3 (три) преставника од Здружението на ракометни судии на Македонија, 3 (три) преставника од Здружението на ракометни контролори на Македонија, 3 (три) преставника од Здружението на ракометни тренери на Македонија, во согласност со овој Статут. (**со губењето на статусот СУПЕР ЛИГАШ, престанува мандатот на делегатот од Супер Машка и Женска Младинска ракометна лига кој поминува во надлежност на новите членови на Супер лигата). Екипа која не се натпреварува во редовниот систем на натпревари или се откаже од било кои причини од натпреварувањето во лига - системот на РФМ, нема право на глас во собранието, како и ново пријавените клубови (право на глас стекнуваат по верификација на приемот на Собранието на РФМ).**

Органите на РФМ и членовите во органите на РФМ своите права и должности ги остваруваат и ги вршат врз основа на Закон, овој Статут и другите акти на РФМ.

Член (делегат) во РФМ може да биде лице државјанин на Република Македонија.

Делегат во Собранието може да биде само член, предложен од Здруженијата наведени во став 1 од овој член. За учество во работата на Собранието задолжително доставува полномошно од здружението - клубот.

Мандатот на претставниците во Собранието од страна на Здруженијата на граѓани трае 4 години. Мандатот на делегатот почнува да тече со верификација на истиот од страна на Верификационата комисија.

На Делегатот на Собранието мандатот му престанува:

- ако поднесе оставка;
- ако биде отповикан, односно заменет од органите на неговото здружение со нов претставник;
- во случај на смрт;
- ако со правосилна одлука на надлежниот дисциплински орган му биде изречена мерка забрана на вршење функции во спортот.

**Член 22.**

**<u>Собранието на РФМ:</u>**

- донесува Статут, програма и други акти;
- усвојува годишен извештај, насоки и план за работа;
- усвојува финансиски план и програма;
- избира комисии и други тела за работа на Собранието:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Работно претседателство | (5 члена) |
| 2. | Записничар; | (1 член) |
| 3. | Оверувачи на Записникот; | (2 члена) |
| 4. | Верификациона комисија; | (3 члена) |
| 5. | Кандидациона комисија; | (3 члена) |
| 6. | Комисија за броење на гласови; | (3 члена) |
| 7. | Комисија за спроведување на избори | (3 члена) |

- избира и други комисии и други тела, за прашања од негова надлежност;
- избира органи на здружението;
- избира Претседател на Собранието, кој истовремено е и претседател на УО на РФМ, кој добива мандаторско право да формира листа на кандидати за УО на РФМ од истакнати стопанственици и спортски работници;
- Во случај на престанок на мандатот на Претседателот, до изборот на нов Претседател, функцијата Претседател ја врши Потпретседателот како вршител на должноста Претседател (не повеќе од 6 месеци);
- го разрешува Претседателот на Собранието - УО;
- ја усвојува листата на членови за УО на РФМ по предлог на мандаторот;
- ја усвојува листата на заменици на членови за УО на РФМ по предлог на ракометните клубови и фирмите спонзори на РФМ;
- донесува одлуки за здружување во РФМ или раздружување од други сојузи на спортски федерации и за зачленување во меѓународни асоцијации;
- констатира прием на нови членови и престанок на членување по предлог на УО на РФМ;
- донесува одлуки за основање на трговски друштва, ДОО и акционерски друштва согласно Законот;
- избира Надзорна комисија на РФМ;
- донесува одлука за почесен претседател и почесен член;

- одлучува за признанија и награди;
- донесува одлуки, програми, правилници, упатства, заклучоци и други акти;
- дава афтентични толкувања на одлуките кои ги донесува за нивната практична примена;
- донесува Правилник за ракометни натпреварувања;
- го усвојува системот за ракометни натпревари во сите степени на натпреварување во Република Македонија;
- донесува Деловник за работа на Собранието;
- одлучува по молби и жалби за вонредното ублажување на казни;
- ги разгледува извештаите за работа на органите и телата што ги избира;
- донесува одлуки за вкупното располагање со средствата и нивното оттуѓување според условите утврдени со Закон;
- оснива фондации и одлучува за нивно укинување (согласно член 27 од Законот за здруженија и фондации - Сл. Весник на РМ бр. 52 од 16.04.2010 год);
- усвојува развојна програма за 4 години;
- разгледува и усвојува извештај од активноста на УО на РФМ;
- донесува одлука со 2/3 мнозинство за престанок на работата на РФМ;
- дава автентично толкување на одредбите на актите што ги донесува;
- врши и други работи во согласност со Статутот и општите акти на РФМ
- врши и други работи во согласност со Законот за спорт на Република Македонија и Законот на Здраженија и фондации;

**Член 23.**

Седниците на Собранието ги свикува Претседателот на Собранието.

Седница на Собранието може да се свика по потреба, а најмалку еднаш годишно со Предлог - дневен ред кој се доставува (и објавува на интернет страницата на РФМ) до претставниците во Собранието на РФМ во рок од 8 до 14 дена пред одржување на Седницата на Собранието.

Претседателот на РФМ има право во случај на потреба да го свика собранието итно и во пократок рок, а итноста да ја образложи на самата седница на Собранието на РФМ.

**Претседателот мора да закаже седница на Собранието и по барање на:**

- Управниот одбор на РФМ, или
- Писмено барање од 1/3 од вкупниот број на членови на Здружението.

Подносителот на барањето за закажување на седница на Собранието, предлага дневен ред и целокупниот материјал го доставува до претседателот на РФМ.

Претседателот мора да закаже седница на Собранието во рок од 14 дена.

Седницата мора да се одржи најдоцна во рок од 30 дена.

Доколку претседателот не свика седница во рок од 14 дена, седницата на Собранието ја свикуваат иницијаторите.

Целокупниот материјал за седницата се доставува во рок од 8 до 14 дена до делегатите на Собранието.

Доколку прашањето за кое е свикана и одржана седница на Собранието на барање на иницијаторите се однесува на доверба на претседателот на РФМ или на избор на органи на РФМ, такво прашање не може да се постави најмалку за период од 6 (шест) месеци.

**Член 24.**

**Собранието работи на седници.**

Собранието може да работи ако на него присуствуваат мнозинство од вкупниот број делегати на Собранието (повеќе од половината од вкупниот број делегати на Собранието).

Секој делегат на Собранието има право на 1 (еден) глас.

Собранието, по правило, одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните делегати.

Собранието со квалификувано (двотретинско) мнозинство на гласовите од вкупниот број на преставниците во Собранието донесува одлука за престанок на РФМ.

**Член 25.**

**На Собранието се одлучува со јавно гласање.**

Гласањето може да биде и тајно, ако така одлучи Собранието, по предлог на претседателот или делегат што ќе го подржат најмалку 15 делегати на Собранието.

Предлогот за тајно гласање се смета за прифатен доколку за него се изјасниле повеќе од 1/2 од присатните делегати.

Усвојувањето на листата на кандидатите за членови на Управниот одбор на РФМ, Собранието го врши со јавно гласање.

**Член 26.**

Начинот на работа и одлучување на Собранието поблиску се уредува со Деловник за работа на Собранието.

Со Деловникот за работа на Собранието особено се уредува постапката за донесување и измени и дополнувања на актите од надлежност на Собранието, поднесувањето на иницијативите и предлозите, овластените предлагачи за донесување акти, правата и должностите на преставниците во Собранието, текот на седниците, одржувањето на редот, записниците и други прашања.

Со Деловникот за работа на Собранието се уредува и составот и работата на постојани и повремени комисии и тела што ги формира Собранието.

**Член 27.**

Бројот на преставниците што го сочинуваат Собранието на РФМ го утврдува Собранието на РФМ, по предлог на УО на РФМ, на почеток на седница на Собранието (согласно член 21 од Статутот на РФМ).

**Член 28.**

Бројот и составот на органите на Собранието го предлага УО на РФМ, а го утврдува Собранието на самата седница.

Изборот за Претседател мора да се објави најдоцна 60 дена пред истекот на мандатот за кој биле избрани, и на кои им престанува мандатот.

Во случај на предвремен престанок на мандатот на Претседателот на РФМ, по било кој основ, изборот на нов Претседател се врши најдоцна во рок од 6 месеци.

Од денот на распишување на изборите, до денот на одржување на редовните избори не може да помине повеќе од 60 дена, ниту помалку од 30 дена.

**Член 29.**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ на РФМ**

Собранието од редот на делегатите избира Претседател на РФМ со мнозинство гласови од вкупниот број присутни делегати во Собранието.

Претседателот на Собранието се избира за време од 4 ( четири ) години.

Предлог за избор на Претседател можат да поднесат најмалку 20 делегати во Собранието.

Изборот на Претседател на РФМ се врши со тајно гласање,

Гласањето може да биде и јавно, ако така одлучи Собранието, по предлог на делегат што ќе го подржат најмалку 15 делегати на Собранието.

Предлогот за јавно гласање се смета за прифатен доколку за него се изјасниле повеќе од 1/2 од присатните делегати.

**Член 30.**

**Претседателот на Собранието, по функција е и Претседател на Управниот одбор на РФМ.**

Претседателот на Собранието и на УО на РФМ ги има и следните права и должности:

- ја претставува и застапува РФМ во земјата и странство;
- го предлага составот на УО на РФМ;
- раководи со РФМ и врши контрола на доследната примена на Статутот и актите на Собранието и Управниот одбор и во врска со тоа предлага и превзема соодветни мерки во согласност со актите на РФМ;
- ги свикува и раководи со седниците на Собранието и Управниот одбор, предлага дневен ред, определува место и датум на одржување на седниците;
- ги потпишува актите што ги донесува Собранието и Управниот одбор на РФМ;
- ги задржува од извршување актите на органите и телата за кои смета дека се донесени спротивно на Закон или друг пропис, за што го известува Собранието и УО на РФМ и истите им ги доставува на повторно или конечно одлучување;
- наредбодател е за извршување и реализација на финансискиот план на РФМ;
- врши контрола над финансиското работење на РФМ и по потреба превзема соодветни мерки;
- превзема мерки и во соработка со други органи обезбедува услови за регуларност во ракометното натпреварување на домашна и меѓународна сцена;
- за својата работа е одговорен пред Собранието на РФМ;
- врши и други активности утврдени со овој Статут и други општи акти на РФМ, како и активности за кои донело одлука Собранието на РФМ.

**Член 31.**

**ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ на РФМ**

Собранието по предлог на Претседателот на РФМ, од редот на делегатите избира Потпретседател на РФМ со мнозинство гласови од вкупниот број делегати во Собранието.

Потпретседателот на Собранието се избира за време од 4 ( четири ) години.

Изборот на Потпретседател на РФМ се врши со јавно гласање,

Гласањето може да биде и тајно, ако така одлучи Собранието, по предлог на делегат што ќе го подржат најмалку 15 делегати на Собранието.

Предлогот за јавно гласање се смета за прифатен доколку за него се изјасниле повеќе од 1/2 од присатните делегати.

Потпретседател на Собранието, по функција е и потпретседател на УО на РФМ. Во случај на отсуство на Претседателот, функцијата ја врши Потпретседателот;

Во случај на престанок на мандатот на Претседателот, до изборот на нов Претседател, функцијата Претседател ја врши Потпретседателот како вршител на должноста Претседател (не повеќе од 6 месеци);

**Член 32.**

**2. У П Р А В Е Н  О Д Б О Р**

**Управниот одбор е извршен орган на Собранието и РФМ и брои од 13 до 17 члена**. Членовите на УО на РФМ, имаат по еден свој заменик, кој ќе биде именуван од ракометните клубови и фирмите спонзори, кој во отсуство на членот на УО на РФМ го заменуваат и полноправно учествуваат и одлучуваат во работа на УО на РФМ.

По предлог на ракометните клубови и фирмите - спонзори, изборот на заменици на членови на УО на РФМ го врши Управниот одбор на своја редовна седница.

УО на РФМ од редот на своите членови избира 3 (три) потпретседатели.

Мандатот на претседателот, потпретседателите, членовите на Управниот одбор и нивните заменици трае 4 (четири) години.

Правата и должностите на потпретседателите се определуваат со Деловникот за работа на УО на РФМ.

Член на УО на РФМ може да биде и лица кои не се државјани на Република Македонија, но не повеќе од 1/3 од вкупниот број членови на УО на РФМ

**Член 33.**

Во случај на евидентна неактивност на член на УО на РФМ, на предлог на Претседателот на РФМ, Управниот одбор може да назначи нов член на УО на РФМ. На првото наредно Собрание на предлог на Претседателот неактивниот член се разрешува, а ново назначениот член се верификува.

**Член 34.**

**Управниот одбор на РФМ:**

- ги подготвува седниците на Собранието;
- ги извршува и спроведува одлуките, ставовите и заклучоците на Собранието;
- утврдува предлог, измени и дополнувања на Статутот на РФМ, и на други општи акти на РФМ;
- усвојува нормативни акти во рамките на своите надлежности;
- Усвојува календар за натпреварувачката сезона;
- Утврдува систем на државниот куп на натпревари;
- Утврдува термини за преоден рок за ракометари / ки;
- Усвојува листа на судии и делегати - контролори за натпреварите по лиги;
- Формира работни тела и комисии кои не се во надлежност на Собранието и именува нивни претседатели и членови;
- управува и одговара за управувањето со имотот на РФМ;
- донесува одлуки за набавка и отуѓување на основни средства;
- донесува одлуки за патни и други трошоци за службени патувања;
- именува и разрешува генерален секретар;
- именува и разрешува директори на ракометните репрезентации;
- именува и разрешува секретари на ракометните репрезентации;
- именува и разрешува селектори и тренери на ракометните репрезентации;
- донесува правилник за сите државни репрезентации;
- донесува правилници, прифаќа спогодби и склучува и раскинува договори;
- овозможува перманентно стручно усовршување на стручните кадри од областа на ракометниот спорт во Република Македонија;
- врши избор на преставници во спортски органи и организации;
- прогласува најдобар ракометар-ка, клуб, тренер, судија, делегат-контролор за изминатата сезона, како и за одреден период;
- донесува одлуки и други акти за организација и работа на ракометните репрезентации на Република Македонија;
- формира и распушта стални и повремени комисии како помошни тела на УО;
- ги разгледува извештаите на постојаните и повремените комисии;
- покренува и изнесува актуелни прашања во врска со ракометниот спорт пред органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот (АМС), МОК и други органи и организации во Република Македонија;
- преку своите комисии издава службен билтен;
- именува комесар за безбедност односно соодветна комисија за безбедност;

- распишува избори за преставници во Собранието;
- ги поништува, укинува или враќа на повторно разгледување, одлуките и решенијата на своите комисии и тела, доколку утврди дека тие се во спротивност со Статутот и другите акти на РФМ и донесува конечна одлука по определени прашања (заштита на законитоста);
- ги спроведува и врши контрола на ракометните првенства во сите степени на натпреварување;
- покренува постапка пред своите комисии за одговорност и разрешување на службените кадри на РФМ;
- поднесува извештај за својата работа на Собранието на РФМ;
- донесува одлука за пренесување на определени овластувања од негова надлежност на свои комисии, одбори, сојузи, здруженија и сл., како и за одземање на истите;
- донесува и други одлуки што ќе произлезат од тековното работење;
- утврдува критериуми за учество на спортисти и спортски екипи од Република Македонија на меѓународни натпревари;
- донесува одлуки за организација на ракометни натпревари од интерес за РМ;
- обезбедува услови, презема конкретни мерки за кршење на интересите и нарушување на угледот на ракометниот спорт и воедно сноси одговорности за натпреварите, за нивната регуларност на ниво на Република Македонија;
- донесува одлука и врши пријавување на судии, делегати-контролори, и спортски екипи во регионалните лиги, ЕХФ и ИХФ;
- донесува Деловник за работа на УО на РФМ;
- донесува акт за систематизација на работни места;
- дава автентично толкување на одредби на актите што ги донесува и
- врши и други работи утврдени со овој Статут и другите акти на РФМ.

**Член 35.**

**Управниот одбор се состанува по потреба и работи на седници.**

Управниот одбор може да работи ако на него присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови на УО на РФМ.

Управниот одбор за својата работа му одговара на Собранието на РФМ.

Секој претставник на УО на РФМ има право на 1 (еден) глас.

Седниците на УО на РФМ ги свикува Претседателот на УО на РФМ по сопствена иницијатива и раководи со нивната работа.

Седница на УО на РФМ се свикува по потреба, со покана и Предлог - дневен ред кои се доставуваат до членовите на УО на РФМ во рок од 5 дена пред нејзиното одржување.

- Доколку има итност за донесување на Одлука, согласно член 3 точка 11 "Одлучување без присуство" од Законот за здруженија и фондации (Сл. Весник на РМ бр. 52 од 16.04.2010 год) е начин преку кој членовите на УО на РФМ може да се изјаснат и донесат валидна одлука, без одржување на седница, а преку телефонска конференција или електронска пошта се консултираат со Генералниот или организациониот секретар, а Одлуката мора на првата наредна редовна седница на УО на РФМ истата да ја верификуваат.

Претседателот на РФМ има право во случај на потреба да го свика Управниот одбор итно и во пократок рок, а итноста да ја образложи на самата седница на УО на РФМ.

**Член 36.**

УО на РФМ одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

УО на РФМ со мнозинство гласови од вкупниот број членови во УО на РФМ избира 3 (три) потпретседатели на УО на РФМ.

Гласањето на УО на РФМ, по правило е јавно, доколку по предлог на претседателот или по барање на некој од членовите кого ќе го подржат најмалку 1/3 од присутните членови може да биде и тајно.

Гласањето може да биде и со поединечно изјаснување (со прозивка) ако така предложи претседателот или член што ќе го подржат најмалку 1/3 од членовите на УО на РФМ.

Член на УО на РФМ се изема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина до втор степен, како и за прашања кои се однесуваат на клубот од кој е делегиран.

**Член 37.**

Членовите на Управниот одбор остваруваат контрола на работењето, користењето и располагањето со средствата на федерацијата, преку органите на управување, на начин утврден со овој Статут.

**Член 38.**

Заради извршување на статутарните и програмски задачи и Одлуките на Собранието и Управниот одбор, Управниот одбор формира:

**Постојани тела на УО на РФМ:**

1. Комисија за нормативни акти;
2. Регистрациона комисија;
3. Комисија за лиценцирање;
4. Комисија за спроведување на натпревари (или Комесар);
5. Комисија за спроведување на куп натпревари;
6. Второстепена натпреварувачка комисија;
7. Комисија за спортски Сали;
8. Комисија за безбедност;
9. Комисија за организација на меѓународни натпревари;
10. Дисциплинска комисија;
11. Арбитражна комисија;
12. Здравствена комисија;
13. Комисија за награди и признанија;
14. Комисија за масовен спорт, спорт за сите и спорт за жени;
15. Комисија за стручни прашања при РФМ;
16. Комисија за мини ракомет;
17. Комисија за ракомет на плажа;
18. Комисија за пионерски, кадетски и младински натпреварувања;
19. Комисија за зонски натпреварувања
20. Комисија за маркетинг;

По потреба Управниот одбор на РФМ, може да формира и други Организациони одбори и комитети, комисии и тела.

Претседателите на комисиите и телата се бираат од членовите на комисиите, а претседателите на одборите и комитетите ги бира УО на РФМ од редот на истакнати спортски работници.

Член на комисија се изема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина до втор степен, како и за прашања кои се однесуваат на клубот од кој е делегиран.

**Член 39.**

Формирањето на одборите, комитетите, комисиите и телата, нивната надлежност и овластувања, составот, траењето на мандатот и начинот на нивната работа и одлучување, поблиску се утврдуваат со деловник за работа на УО на РФМ или со одлуки на УО на РФМ.

**3. НАДЗОРНА КОМИСИЈА**

**Член 40.**

Надзорната комисија ја бира Собранието на РФМ и се состои од 3 (три) члена. Членовите на Надзорната комисија од своите редови избираат Претседател.

Членовите на Надзорната комисија не можат истовремено да бидат членови и на други органи на РФМ.

Мандатот на членовите трае 4 (четири) години.

**Член 41.**

Надзорната комисија работи на седници.

**Надзорната комисија:**

- врши надзор над правилното спроведување и примената на одредбите на Статутот и другите акти на РФМ што се однесуваат само на материјално - финасиското работење, односно на контролата за наменското користење и располагање со средствата и приходите на РФМ;
- врши надзор над извршувањето на одлуките и другите акти на органите и телата на РФМ што се однесуваат само на материјално - финансиското работење, односно на контролата за наменското користење и располагање со средствата и приходите на РФМ.
- предлага мерки за спречување и отстранување на неправилностите во работата на органите и телата на РФМ од аспект на материјално - финансиското работење;
- во определени случаи, му предлага на Собранието ангажирање на независно ревизорско тело, и
- врши и други работи и презема мерки што се во делокруг на нивната работа.

**Член 42.**

Надзорната комисија за целокупната своја работа му поднесува извештај на Собранието. Доколку оцени дека од надлежноста на УО на РФМ е предмет на комисијата го известува за донесување на одредени одлуки и заклучоци.

За наодите и констатираните појави, Надзорната комисија укажува на органите и телата во чија работа истите се констатирани, а ако неправилностите правовремено не бидат остранети, за тоа го известува Собранието на РФМ.

**Член 43**.

Органите и администрацијата на РФМ се должни на Надзорната комисија и инспекторот од Агенција за млади и спорт на Република Македонија согласно член 70 став 1 од Законот за спортот (Сл. Весник на РМ бр.81/08 од 07.07.2008 год), да и ги стават на увид сите документи и податоци и да создадат услови за непречено запознавање со релевантни факти значајни за донесување на конкретна одлука.

**РЕВИЗИЈА**

**Член 44.**

Здружението со статус од јавен интерес чиј годишен буџет е над 20.000 евра во денарска противвредност според средишниот курс на НБРМ е должно да изврши независна годишна ревизија на своето финансиско работење.

Извештајот за ревизијата од став 1 на овој член се поднесува заедно со извештајот од Надзорната комисија најмалку еднаш годишно (согласно Законот за здруженија и фондации (Сл. Весник на РМ бр. 52 од 16.04.2010 год)

## VIII. РЕПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ РАКОМЕТ

**Член 45.**

Ракометниот спорт на Република Македонија во земјата и во странство, го репрезентираат и преставуваат ракометните репрезентации, ракометните клубови, претставниците на РФМ во органите и форумите на меѓународните ракометни федерации, ако и ракометните судии, делегати - контролори и тренери на кои им е доверено учество на меѓународни натпревари.

**Член 46.**

Правата, обврските и одговорностите на ракометарите, тренерите, судиите, делетати - контролори и спортски работници, и на ракометните клубови кои ракометните репрезентации на Република Македонија произлегуваат од обврската за репрезентирање на Република Македонија и од програмата за работа на репрезентациите за одреден период.

Неисполнувањето на обврските кои ракометните репрезентации претставува тежок прекршок за кој се изрекуваат соодветни санкции, согласно Дисциплинскиот правилник на РФМ.

**Член 47.**

Основната боја на опремата на ракометните репрезентации на Република Македонија е во боја која што соодветствува на комбинацијата на боите и симболите на знамето на Република Македонија.

**Член 48.**

Ракометарите, стручните и спортските работници на повик од овластените органи и субјекти на РФМ, за учество во репрезентациите на Република Македонија, должни се да се јават и да се вклучат во активностите на репрезентациите.

Нејавувањето на повикот, повлекува дисциплинска одговорност.

**Член 49.**

Ракометните клубови од Република Македонија ќе им овозможат на своите ракометари, странски државјани, да настапуваат за репрезентациите на своите земји, согласно со условите и критериумите утврдени со Правилникот на ЕХФ и ИХФ во врска со статусот и трансферот на ракометарите.

Согласно на условите и критериумите од претходниот став, РФМ ќе настојува да го обезбеди правото на играње и подготовки во репрезентациите на Република Македонија, на ракометарите државјани на Република Македонија кои играат во клубови на странски земји.

**Член 50.**

Со акти на РФМ се уредуваат сите прашања во врска со ракометните репрезентации на Република Македонија, обезбедувањето на средства за работа на репрезентациите, надлежноста за водење на ракометните репрезентации, како и односот на ракометарите, стручните работници и ракометните клубови кон ракометните репрезентации.

**Член 51.**

Ракометните клубови од Република Македонија учествуваат во меѓународни натпревари на начин и под услови утврдени согласно актите на РФМ.

Ракометните клубови можат да учествуваат во пријателски и други меѓународни натпревари, само по претходна согласност на надлежен орган на РФМ.

Непочитувањето на одлуките на органите на РФМ се казнува согласно актите на РФМ.

## IX. СРЕДСТВА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ НА РФМ

**Член 52.**

За реализирање на своите цели и задачи, РФМ остварува приходи кои ги користи под услови и на начин утврдени со Закон, овој Статут и со другите акти на РФМ.

**Срествата од став 1 на овој член РФМ ги обезбедува од следниве извори:**

- од Буџетот на Република Македонија;
- од членарина
- од донации - спонзорства,
- од трговски друштва
- од приходи од комерцијални права
- од продадени билети на натпревари на репрезентациите
- од парични казни изречени од надлежните органи
- од подароци (во пари, добра имотни права) и
- од други извори на средства

**Член 53.**

Средствата на РФМ се распоредуваат за покривање на материјалните трошоци и за амортизација, за функционирање на стручната служба на РФМ, за заедничка потрошувачка, за проширување на материјалната основа и за други потреби на РФМ во согласност со неговите акти.

Распоредот на средствата се врши со финансиски план на приходи и расходи кој се донесува на крајот на тековната година за наредната година.

Конечната распределба на средствата се врши со завршна сметка на РФМ.

За располагањето со средствата одлучува УО на РФМ во рамките на овластувањата на овој Статут и другите акти на РФМ.

За законитото користење на средствата во рамките на финансовиот план на РФМ одговорен е Генералниот секретар на РФМ како наредбодател.

## X. ПРОГРАМА И ПЛАНОВИ ЗА РАБОТА НА РФМ

**Член 54.**

Целите и задачите на РФМ се раелизираат со програмите и плановите за работа што ги донесуваат Собранието на РФМ и другите органи и тела на РФМ.

## XI. БЕЗБЕДНОСТ ВО РФМ

**Член 55.**

Безбедноста во РФМ, во општинските и Градскиот ракометен сојуз и во ракометните клубови се остварува согласно на законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортски терени во РМ, законот за безбедност, прописите на ИХФ, ЕХФ и актите донесени од органите на РФМ.

За прашањата на безбедноста, РФМ именува комисија, односно комесари за безбедност на РФМ.

Прашањата во врска со безбедноста на ракометната организација и на ракометните натпревари, се утврдуваат со акти на РФМ.

## XII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА РФМ

**Член 56.**

Работата на органите на РФМ е јавна.

**Член 57.**

Органите на РФМ се должни редовно и навремено да ја информираат јавноста за својата работа.

Органите на РФМ се должни да обезбедат начин и услови за запознавање на јавноста во остварувањето на целите на РФМ, неговата активност и користењето на срествата.

Јавноста во работата на РФМ се обезбедува преку интернет страницата на РФМ www.macedoniahandball.com на која се објавуваат официјалните билтени и одлуки на телата на РФМ.

**Член 58.**

Претседателите на органите и телата на РФМ или лице определено од УО на РФМ за односи со јавноста (портпарол) на претставниците на сретствата за јавно информирање им презентираат податоци и информации за работата на органите, односно телата на РФМ.

Претставниците на средствата за јавно информирање можат да присуствуваат на седниците на Собранието и на другите органи и тела на РФМ, по покана на Претседателот на соодветниот орган, односно тело.

Кога на седниците на органите и телата на РФМ, се разгледуваат прашања кои претставуваат службена или друг вид тајна, јавноста е исклучена.

## XIII. ПРИЗНАНИЈА и НАГРАДИ

**Член 59.**

Клубовите, екипите, ракометарите, тренерите, судиите, делегатите-контролори и другите стручни и спортски работници може да се наградуваат за извонреден придонес во извршувањето на поставените задачи и постигнати резултати на полето на организирање и унапредување на ракометот во Република Македонија.

**Член 60.**

**Наградите и признанијата се во вид на:**

- Трофејни обележја
- Признанија
- Парични награди

**Член 61.**

Начинот на доделувањето на признанијата и наградите се уредуваат со посебен правилник на УО на РФМ.

## XIV. СЛУЖБЕН ИНФОРМАТИВЕН БИЛТЕН на РФМ

**Член 62.**

Со цел за одезбедување јавност во работата и навремено информирање на членките за сите значајни прашања, за остварување на целите и задачите, РФМ издава службен билтен од своите тела и комисии и го објавува на интернет страницата на РФМ www.macedoniahandball.com

Во билтенот на регистрациона комисија се регистрираат клубовите, ракометарите - ките, како и одлуки и решенија за регистрација на истите.

Во билтенот на комисијата за лиценцирање се лиценцираат ракометарите - ките, преставниците на клубовите и службените лица, како и одлуки и решенија за лиценцирање на истите.

Во билтенот на комисија за спроведување на натпревари - комесарот, се објавува делегирањето - жребување на службените лица, се регистрираат натпреварите, се изрекуваат суспензии, опомени и казни во прв степен, се решаваат жалбите во прв степен, се објавува табела по секое одиграно коло и се евидентираат оцените на судиите.

Во билтенот на комисија за спроведување на куп натпревари, се објавува делегирањето на службените лица, се регистрираат натпреварите, се изрекуваат суспензии, опомени и казни во прв степен, се решаваат жалбите во прв степен, се објавуваат резултатите и екипите кои продолжуваат да играат во куп натпреварите по секое одиграно коло и се евидентираат оцените на судиите.

Со одлуки на УО на РФМ се издаваат и други информативни билтени на постојаните и времените комисии на УО на РФМ.

## XV. ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

**Член 63.**

Генералниот секретар е раководител на администрацијата на РФМ и во врска со правата и обврските на работниците во администрацијата ги врши правата и должностите на работодавач.

**Член 64.**

Генералниот секретар на РФМ го именува и разрешува Управниот одбор, согласно условите кои се утврдени со посебна одлука за период од 4 години.

Кандидатот за Генерален секретар, треба да има завршено високо образование (7-ми степен) или више (6-ти степен), најмалку 5 год. работно искуство, организациски и други квалитети за успешно извршување на работата и да зборува најмалку еден од официјалните јазици на ЕХФ.

Генералниот секретар е самостоен во вршење на работите од својот делокруг.

Генералниот секретар, за својата работа е одговорен пред Управниот одбор и Собранието на РФМ.

Генералниот секретар може да биде разрешен и пред истекот на времето за кое е избран само во случај на потешки повреди на одредбите на овој Статут и другите акти на РФМ, како и во случаевите утврдени со закон.

**Член 65.**

**<u>Генералниот секретар:</u>**

- се грижи за законското работење на РФМ и на неговите органи и тела;
- ги извршува одлуките и заклучоците донесени од Собранието и Управниот одбор и другите органи и тела на РФМ;
- предлага мерки за спроведување на одлуките и заклучоците на органите и телата на РФМ
- одговорен е за правилната примена на усвоените спогодби и договори;
- одговорен е за правилната примена на прописите и општите акти;
- наредбодател е за извршување на финансискиот план и програмата за работа;
- врши функција на работоводен орган на администрацијата - стручната служба, согласно со законските одредби;

- учествува во работата на Собранието на РФМ, на состаноците на УО на РФМ, на комисиите и на другите тела и органи во давање на совети и толкување. Доколку не е во можност да присуствува, одредува замена.
- во правниот промет го застапува РФМ и презема мерки и дејствија во име и за сметка на РФМ , согласно Статутот и одлуките на Управниот одбор;
- врши и други работи утврдени со закон, со овој Статут и други акти на РФМ.

## XVI. АДМИНИСТРАЦИЈА на РФМ

**Член 66.**

Стручните, административно - техничките и други работи за потребите на РФМ и неговите органи и тела, ги врши администрацијата на РФМ.

Своите права и обврски вработените во администрацијата ги остваруваат согласно со Законот за работни односи и другите закони и прописи, колективни договори, како и акти донесени од органите на РФМ.

**Член 67.**

Со работата на администрацијата раководи генералниот секретар кој го организира и координира процесот на работа во неа и се грижи за спроведување на мерките, одлуките и заклучоците на органите и телата на РФМ во согласност со законот, колективниот договор, овој Статут и општите акти на РФМ.

## XVII. ПРЕСТАНОК со РАБОТА на РФМ

**Член 68.**

**<u>РФМ престанува да работи:</u>**

- Со одлука на Собранието на РФМ донесена од двотретинско мнозинство од вкупниот број на преставници на Собранието,
- Ако настанат причини утврдени со членот 63 од Законот за здруженија и фондации (сл. Весник на РМ бр.52 / 2010).

Во случај на престанок на РФМ, имотот на РФМ се пренесува со одлука на Собранието на спортска асоцијација која ќе ја одреди Собранието.

## XVIII. ПРЕОДНИ и ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 69.**

Членките на РФМ должни се во рок од 6 месеци по донесувањето на овој Статут да ги усогласат своите Статути, со овој Статут, и да извршат пререгистрација во Регистарот, а по еден примерок да достават до РФМ.

**Член 70.**

Другите акти на РФМ ќе се усогласат со одредбите од овој Статут во рок од 6 (шест) месеци од денот на неговото влегување во сила.

**Член 71.**

Организацијата на органите и телата на РФМ, ќе се усогласи со одредбите од овој Статут во рок од 1 (една) година од неговото влегување во сила.

**Член 72.**

Право на толкување на овој Статут има Собранието на РФМ, а помеѓу две седници на Собранието Управниот одбор на РФМ.

**Член 73.**

Измени и дополнувања на овој статут се вршат на начин и по постапка како и за неговото донесување.

**Член 74.**

Со донесувањето на овој Статут, престанува да важи Статутот донесен на 14.04.2009 година во Скопје.

**Ракометна федерација на Македонија**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Михајло Михајловски с.р.**